# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 8/2025 15.08.2025 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
## За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуват актите од 54-та редовна седница на Светот на Општина Пробиштип одржана на ден 14.08.2025 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година бр.26-858/3;
2. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година бр.26-858/4;
3. Одлука за висината на превозот на учениците во општинските основните училишта и во општинското средно училиште во Општина Пробиштип каде нема обезбедено линиски превоз, бр.26-858/5;
4. Буџетски календар за донесување на Буџетот на Општината Пробиштип за 2026 година, бр.26-858/6;
5. Одлука за утврдување надоместок за издавање простор и издавање на тезги по повод одржување на манифестацијата „Денови на спорт и култура“, а во врска со празникот 28 Август 2025 година, бр.26-858/7,
6. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Пробиштип за време на одржување на Манифестацијата Леговец ленд Пробиштип 2025, бр.26-858/8,
7. Заклучок за неусвојување на Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип од 01.01.2025 до 30.06.2025 година бр.26-858/9,
8. Заклучок за неусвојување на Финансиски извештај за извршување на буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2025 година бр.26-858/10,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-858/12
15.08.2025 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 108 став 1 алинеа 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019, 229/2020, 3/2025 и 74/2025), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев" од Пробиштип за учебната 2025/2026 година, на седницата одржана на ден 14.08.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Никола Карев" од Пробиштип за учебната 2025/2026 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев" од Пробиштип за учебната 2025/2026 година бр.01-291/1 од 03.07.2025 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев" од Пробиштип за учебната 2025/2026 година бр.01-291/1 од 03.07.2025 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-858/3
14.08.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член

108 став 1 алинеа 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019, 229/2020, 3/2025 и 74/2025), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година, на седницата одржана на ден 14.08.2025 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година бр. 01-445/1 од 12.08.2024 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година бр. 01-445/1 од 12.08.2024 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-858/4
14.08.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната са,оуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) а во врска со член 73 став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и член 41 а од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25) „Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.08.2025 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### За висината на превозот на учениците во општинските основните училишта

**и во општинското средно училиште во Општина Пробиштип**
**каде нема обезбедено линиски превоз**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на износот на бесплатниот превоз на учениците во општинските основните училишта и во општинското средно училиште во Општина Пробиштип за релаациите (линиите) каде нема обезбедено линиски превоз, од местото на живеење на ученикот до училиштето во кое е запишан ученикот и обратно (во натамошниот текст: висината на износот на превозот).

Член 2

Висината на износот на превозот на ученици се определува на следниот начин:

- До 15 км во еден правец, цената за превезен ученик изнесува најмногу 11,50 денари за километар без пресметан ДДВ,
- Од 16 до 30 км во еден правец, цената за превезен ученик изнесува најмногу 9,00 денари за километар без пресметан ДДВ,
- Над 30 км во еден правец, цената за превезен ученик изнесува најмногу 6,50 денари за километар без пресметан ДДВ.

Доколку возилото превезува само еден ученик, цената на превозот од став 1 на овој член се множи со коефициент 3.

Член 3

Висината на износот на превозот за ученици со попреченост и лица за нивна придружба, се определува на следниот начин:

- Цената по превезен ученик со попреченост изнесува најмногу 20,00 денари за километар во еден правец без пресметан ДДВ,
- Цената за превезено лице за придружба на ученик со попреченост изнесува најмногу 20,00 денари за километар во еден правец без пресметан ДДВ.

Член 4

Цените од членот 2 на оваа одлука се утврдуваат како максимални цени по ученик и истите може да се намалуваат на негативна аукција во постапка за јавна набавка согласно Законот за јавните набавки.

Член 5

Одлуката вегува во сила со објавувањето во службен гласник на општина Пробиштип, а же се применува од 01.01.2026 година.

Број 26-858/5
14.08.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дарко Анастасовски с.р.

**Буџетски календар за донесување на Буџетот на Општина Пробиштип за 2026 година**

| *Р.бр* | *Носител на Активноста* | *Постапка Дејствие* | *Август 2025* | | | *Септември 2025* | | | *Октомври 2025* | | | *Ноември 2025* | | | *Декември 2025* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Совет на Општина** | **Донесување на буџетски календар** | | x | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | **Одделение за Буџет** | **Изготвување на фискална стратегија за донесување на Буџетот за 2026 година** | | | x | | | | | | | | | | | | |
| 3 | **Совет на Општина** | **Донесување на фискална стратегија** | | | | x | | | | | | | | | | | |
| 4 | **Одделение за Буџет** | **Изготвување на главни насоки за изготвување на буџетот за 2026 година** | | | | | x | | | | | | | | | | |
| 5 | **Одделение за Буџет** | **Доставување на главните насоки до корисниците на Буџетот** | | | | | | x | | | | | | | | | |
| 6 | **Буџетски Корисници** | **Доставување на главните насоки на буџетските корисници** | | | | | | | x | | | | | | | | |
| 7 | **Одделение за Буџет** | **Анализа и Усогласување на буџетските планови на корисниците** | | | | | | | | x | | | | | | | |
| 8 | **Буџетски Корисници** | **Изготвување на предлог програмите за Буџет за 2026 година** | | | | | | | | | x | | | | | | |
| 9 | **Градоначалник** | **Спроведување на јавна расправа за предлог програмите** | | | | | | | | | | | x | | | | |
| 10 | **Совет на Општина** | **Донесување на програмите на Буџетот за 2026 година** | | | | | | | | | | | | x | | | |
| 11 | **Одделение за Буџет** | **Изготвување за предлог буџет за 2026 година** | | | | | | | | | | | | | x | | |
| 12 | **Одделение за општи Правни Работи** | **Доставување на предлог буџет 2026 година до Советот на Општината** | | | | | | | | | | | | | | x | |
| 13 | **Советот на Општината** | **Донесување на Буџетот на Општината за 2026 година** | | | | | | | | | | | | | | | x |

Буџетскиот календар влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-858/6
14.08.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дарко Анастасовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), а во врска со одржување на манифестацијата „Денови на спорт и култура“, по повод празникот 28 Август, на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.08.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За утврдување надоместок за издавање простор и издавање на тезги по повод одржување на манифестацијата „Денови на спорт и култура“, а во врска со празникот 28 Август 2025 година**

Член 1

Согласно Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2025 година бр.26-843 од 17.12.2024 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.12/2024), се утврдува дека манифестацијата „Недела на спорт и култура“ ќе се одржи на 28 август 2023 година на следните локации: локацијата Кино сала при Дом на култура, плато пред Дом на култура, Градски плоштад Пробиштип, Градски парк, каде ќе се одржи Рудар Рок фестивал и Вечер со македонски и балкански ѕвезди и Свечена академија на општина Пробиштип.

Член 2

За одржување на оваа манифестација на ден 28.08.2025 година од страна на општина Пробиштип се предвидува поставување на угостителска опрема и тоа:

На Секундарниот плоштад, предвидени се 4 локации за поставување на угостителска опрема, секоја во површина по 20 м$^2$, исклучиво наменети за храна (скара).

На просторот помеѓу општинската зграда и поштата, предвидени се тезги а продажба на сувенири, рачни ракотворби, грицки, пуканки, крофни, палачинки најмногу до 15 м$^2$, а на истите се забранува продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци и друга храна.

На Градскиот плоштад се предвидени две локации исклучиво за безалкохолни и алкохолни пијалаци (храна не смее да се служи) на површина од 20 м$^2$.

Член 3

Закупот на локациите ќе се врши по пат на јавно наддавање кое ќе го спроведе Комисија формирана од Градоначалникот.

Почетната цена за закуп на локациите ќе изнесува:

- 40.000,00 денари за локација за простор каде ќе се служи храна.

-30.000,00 денари за локација за простор каде ќе се служат пијалаци.

-За изнајмување на простор за тезги ќе се плаќа за ден 3.000,00 денари за 2 $м^2$.

Во цената ќе бидат вкалкулирани трошоците за струја и за закуп на простор.

Минималниот чекор за наддавање за локации за поставување на угостителска опрема ќе биде 2.000,00 денари, а за тезги ќе биде 100,00 денари.

Заинтересираните страни за да учествуват на јавното наддавање ќе треба да уплатат депозит во висина од ½ од почетната цена за јавното наддавање. По завршување на лицитацијата до одржување на манифестацијата потребно е да го доплати целиот износ постигнат на лицитацијата. А за користење на простор за тезги сите заинтересирани да уплатат на сметка на општина Пробиштип. (Заинтересираните ќе се обратат до Општина Пробиштип од каде ќе добијат сметка на која треба да уплатат).

Член 4

Најповолните понудувачи се обврзуваат да склучат договор со општината со кој поблиску ќе ги уредат меѓусебните права и обврски.

Член 5

Средствата собрани од издавање на локации и тезги за време на одржувањето на манифестацијата „Денови на спорт и култура“ се приход на општина Пробиштип и истите ќе бидат искористени строго наменски за подмирување на дел од трошоците кои ќе настанат на манифестацијата.

Член 6

Оваа одлука стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-858/7<br>14.08.2025 година<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25) а во врска одржување на манифестации во 2025 година, Советот на Општина Пробиштип на сеницата одржана на ден 14.08.2025 ја усвои следната:

**О Д Л У К А**

**за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Пробиштип за време на одржување на Манифестацијата Леговец ленд Пробиштип 2025**

Член 1

Со оваа Одлука се продолжува работното време на сите угостителски објекти во Општина Пробиштипза време на одржување на манифестацијата Леговец ленд Пробиштип 2025 на ден 22.08.2025 година.

Член 2

Работното време се продолжува на угостителските објекти за најмногу 2 (два) часа од утврденото работно време согласно Законот за угостителска дејност.

Член 3

Одлуката стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-858/8
14.08.2025 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019, 35/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.08.2025 година, расправајќи по Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип од 01.01.2025 до 30.06.2025 година бр.01-433/1 од 12.07.2024 година, ја донесе следната :

**ЗАКЛУЧОК**

Не се усвојува Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип од 01.01.2025 до 30.06.2025 година.

Број 26-858/9
14.08.2025 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Пробиштип Дарко Анастасовски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) член 21, став 1, точка 31 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/201935/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.08.2025 година, расправајќи по Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година бр.05-500/1 од 17.07.2025 година, ја донесе следната:

## ЗАКЛУЧОК

Не се усвојува Финансиски извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година.

Број 26-858/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
14.08.2025 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Дарко Анастасовски